aeroGALERIA

# СИМОН ШЕМОВ

# ŠIMON ŠEMOV

20.06.2000
-
04.07.2000

Отворање од 21-24^h

СИМОН ШЕМОВ

Роден во Кавадарци, Република Македонија, 1941 година.
Дипломирал на Факултетот за Ликовни Уметности, Белград, (Југославија) во 1964, а постдипломски студии посетувал на Академијата за Ликовни Уметности Слејд, при Лондонскиот Универзитетски Колеџ, Лондон, В. Британија во 1971/72 ,(Slade School of Fine Arts, London University College). Од 1970 до 1981 предавал сликарство и цртеж на Архитектонскиот Факултет, Скопје,а од 1981 до денес е редовен професор на Факултетот за Ликовни Уметности, при Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје. Во школската 1991/92 година, на покана на Универзитетот на Северна Каролина, Гринзборо, САД, предава на предметот "Експериментална рачна иработка на хартија", во склоп на Фулбрајтовата програма, (University of Nort Carolina, Greensboro). Како визитинг професор одржал поединечни предавања на:Арт Институтот во Чикаго; Универзитетите во: Бостон,Ајова, Темпи, Санта Клара во САД, (Art Institute Chicago; The Universities: Boston, Iowa, Tempe, Santa Clara), и на Факултетот за Ликовни Уметности во Велико Трново, Бугарија.
Покрај сликарството се занимава со графика, ликовни интервенции, инсталации, и со медиумот рачна изработена хартија.
Министерството за наука на Р. Македонија му го повери научно истражувачкиот проект "типови целулозни влакна од билно потекло од Македонија"на која работел шест години, (од 1993 до 1998 г.) на чело на голема истражувачка екипа составена од претставници на Факултетот за Ликовни Уметности од Скопје; Фабриките: "Комуна" од Скопје и "Хартија" од Кочани; ПриродноНаучниот Музеј, Н.У. Библиотека "Климент Охридски"и Архивот на Македонија - од Скопје.
Живее и работи во Скопје: Булевар Партизански одреди 101, 1/10, 1000 Скопје, Република Македонија, телефон: 389 91 / 364 096,
e-mail: ssemovb@mol.com.mk
Поважни самостојни изложби: Скопје, Белград, Лондон,Единбург,Братфорд,
Њујорк,Нирнберг.(Skopje, Belgrad, London, Edinburgh, Bradford, New York, Nürnberg).
Групни изложби: како претставник на земјата и во склоп на значајни интернационални ликовни манифестации (анални, биенални, триенални), изложувал во скоро сите поважни светски ликовни центри низ сите континенти.
Добитник е на многу национални и интернационални награди за достигања во ликовната уметност.

**Каталошки податоци**

Матерјалот од кој се изработени изложените дела, е од целулозно влакно со највисок квалитет. Целулозата е од билно потекло, во најголем дел од македонскиот регион а при преработката е користен еколошкиот систем- не е употребена никаква хемијска субстанца, (без белила, лепаци или полнила).

Објекти

Од циклусот - Жена: 1) 85 x 65 см., 1996; 2) 85 x 65 см., 1996; 3) 85 x 65 см., 1996; 4) 85 x 65 см., 1996; 5) 85 x 65 см., 1997; 6) 85 x 65 см., 1997; 7) 85 x 65 см., 1997;

Од циклусот - Мајка-Божица: 1) 128 x 105 см., 1999; 2) 128 x 105 см., 1999.

Од циклусот – Магија: 1) 85 x 65 см., 1998; 2) 95 x 75 см., 1998; 3) 95 x 75 см., 1998; 4) 95 x 75см., 1998; 5) 95 x 75 см., 1998; 6) 95 x 75 см., 1998; 7) 95 x 75 см., 1998; 8) 95 x 75 см., 1998; 9) 95 x 75 см., 1998;

Од циклусот Сонце: 127 x 100 см.,1997.

ГРАФИКИ (дрворези и линорези)

Од циклусот Жена: Мапа 1) 43 x 28 см., 1995,96, (три графики на ориентална авторска хартија, рачно изработена); Мапа 2) 43 x 28 см., 1995,96, (три графики на ориентална авторска хартија, рачно изработена); Мапа 3) 43 x 28 см., 1995,96, (три графики на ориентална авторска хартија, рачно изработена). Мапа 4) 43 x 28 см., 1997,98, (три графики на ориентална авторска хартија, рачно изработена).
Од циклусот Сонце: Мапа 1) 43 x 28 см., 1998 ( три графики на ориентална авторска хартија, рачно изработена).



SIMON ŠEMOV

Born in Kavadarci, Republic of Macedonia, 1941. Graduated from the Academy of Fine Arts, Belgrade, 1964. Attended postgraduate studies in painting and graphics at the Slade School of Fine Arts, London University College, London, 1971/72. From 1970 to 1981 teaches at the Architecture Faculty, Skopje, and from 1981 up to now He is employed as a professor at the Faculty of Fine Arts, Skopje, Kiril and Metodij University. Invited from the North Carolina University, Greensboro,USA, 1991/92., He teaches the course "Experimental papermaking" (granted a Fulbright scholarship). As a visiting professor He had a lectures at: The Art Institute, Chicago; The Universities in: Boston, Iowa, Tempe, Santa Clara (USA), Veliko Turnovo (Bulgaria). Beside the paintings Hi is practicing graphics, fine art interventions, installations, and the medium hand made paper. From 1993 to 1998 Šemov works on a science-research project- Hend made paper, type of cellulose fibers of the plant origin, from Macedonia, sponsored and financed by the Ministry of Science of the R. of Macedonia. Beside the Faculty of Fine Arts, from Skopje, participants in the Project were: Cardboard Factory Komuna-Skopje, Paper Factory Hartija-Kocani, Nature Science Museum, National Library "Kliment Ohridski", Archive of Macedonia-all from Skopje.
Works in Skopje: boulevard Partizanski odredi, 101, I/10, Skopje 1000, Republic of Macedonia, tel.: 389 91 / 364 096, e-mail:
Selected one man shows in: Skopje, Belgrade, London, Edinburgh, Bradford, New York, Nürnberg.
Group exhibitions: as a representative of his country he was taking part in many important fine art manifestations in the major world wide art centers.

Catalogue: Exhibited works are created from high quality cellulose fibbers of the plant origin, mostly from Macedonia. Ecology norms where employed in the technology. Chemicals were completely avoid in the hand made paper process.

OBJECTS

From the theme-WOMAN: 1) 133x95cm.,1996; 2) 85x65cm.,1996; 3) 85x65cm.,1996; 4)85x65cm.,1996; 5) 85x65cm.,1996; 6) 85x65cm.,1997; 7) 85x65cm.,1997;
8) 85x65cm.,1997.

From the theme- SUN: 1) 128x105cm1997

From the theme-MAGIC: 1) 85x65cm.,1998; 2) 95x75cm.,1998; 3) 95x75cm.,1998;
4) 95x75cm.,1998; 5) 95x75cm.,1998; 6) 95x75cm.,1998; 7) 95x75cm.,1998;
8) 95x75cm.,1998; 9) 95x75cm.,1998;

From the theme- MOTHER GODDESS: 1) 128x105cm., 1999. 2) 128x105cm., 1999.

PRINTS (VOODCUTS, LINOCUTS)

From the theme-WOMAN: (1st portfolio) 43x28 cm., 1995,96. – three prints, on the oriental hand made papers. (2nd portfolio) 43x28 cm., 1995,96. - three prints, on the oriental hand made papers. (3rd portfolio) 43x28 cm., 1995,96. - three prints, on the oriental hand made papers. (4th portfolio) 43x28 cm., 1997,98. - three prints, on the oriental hand made papers.

From the theme – SUN: (1 portfolio) 43x28 cm., 1998. - three prints, on the oriental hand made papers.

**Предговор**

Кога е во прашање рачно изработената хартија најчесто постојат два приода: или ја третирате како подлога за акварел, пастел, литографски печат, дрворез и цртање; или во чекор со новата револуција на хартијата, ја прифаќате како медиум за креативен израз. Јас сум од оние вторите, не потценувајќија притоа класичната улога на хартијата како дводимензионална подлога за цртање и пишување.

Со целулозна каша може да се работи како со глина, како со преѓа да се исткае делото, како со злато, како со стакло или да се употреби слично на сликарската паста истисната од туба.

Подготвувајќи си самиот своја хартија открив дека е тоа можен и неверојатно возбудлив начин на живеење. Ако пред изгрејсонце појдеш в планина со намера да наполниш торба со мајчина душичка, ајдучка трева, подбел за чаеви, попат глуваричe за салата, коприва за додаток на некое јадење, можеби навечер ќе се вратиш и со гранчиња од бозел, суви мешунки од плускавец и стебленца од бутрак. Секоја билка има своја посебност. Може да се комуницира со одредени билки преку ритуал. Друга пак не допушта лесен приод, заради својата енигматичност-по- требно ти е време да и ја откриеш тајната, додека третата билка раскошно ти ги нуди сите свои содржини, од коренот до цветот. Јас издвојувам една таква билка од купот, во дрвена калница и го иситнувам коренот, го покиснувам со вода и го оставам за следното утро да ми пушти сок – додаток за ориентална хартија; од гранчињата го лупам целулозното лико и подоцна го развлакнувам; за цветовите се размислувам дали да ги припремам како ароматичен чај или да ги употребам како црвена и виолетова боја во мојот објект од хартија.

Во ателјето билките оставаат траги наоколу. Јас посегнувам кон трагите што упатуват кон подлабоките археолошки слоеви.Пред мене изронува паганската убавина на божицата на пролетта: жена - билка. Ореовиот лист со темна и горчлива обоеност - делумно штити, делумно смртно предупредува. Сонцето остава длабоки графички траги во стеблото на илјадогодишниот даб –постојбината на силниот Перун. Илјада сонца се изнедруваат од паметењето на светиот даб – заедно со мудроста и лекомисленоста на луѓето: сонца од меко свиткани гранчиња, ковани од бакар, од печена кал, замотани и разбушавени во кадела. Во памучното крпче заврзано со син конец, сокриениот лук штити од лошото што дебне в поле.

Заедно се Свети Илија и бог Перун, Свети Димитрија и бог Велес. Христијанската ѕвезда изронува од петокракото, шестокракото, деветокракото, дванаестокракото сонце. Филиповото сонце од шеснаесет зраци пред мои очи се враќа во космичкиот пра облак.

Во ова археолошко пребарување во времето кое навистина нема меѓи, замислувам желба директно од центарот на моето ателје, полно со гранчиња и секакви тревки. Го земам едноставно сокот од коренот на мојата билка, го додавам развлакнатото лико од гранчињата, и од смешата правам магија за убав утрешен ден.

*Симон Шемов*

aeroGALERIA

Димитрија Чуповски 2, 1000 Скопје, Р. Македонија; Тел. / Факс: ++389 91 11 53 33

ИЗЛОЖБАТА ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО РАМКИТЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА
**СКОПСКО ЛЕТО - 2000**

ПЕЧАТИ: ETIS СКОПЈЕ